Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 04-396/46
15.07.2025 год.

Врз основа на член 21 став 3 и член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19, 14/20, 95/20, 208/24 и 210/24), член 14 став 2, член 22 и член 23 од Законот за работните односи и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.19-6672/2 од 01.07.2025 година, Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип донесе

# ОДЛУКА
## за избор на 1 (еден) извршител на определено време до 31.12.2025 година за работно место Технички директор

**Член 1**

1. За работното место Технички директор, со шифра КДР 0305 А01 039 во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип се избира кандидатот
   - **Сашо Наневски од Пробиштип**

2. Изборот е извршен врз основа на ранг листа од кандидати кои ги исполнуваат условите и предлог за избор по Јавен оглас бр.01/2025.
3. Избраниот кандидат ќе биде вработен на определено време до 31.12.2025 година на работното место Технички директор, по завршување на постапката за избор и по конечноста на оваа одлука, за што ќе се склучи договор за вработување.
4. За извршениот избор ќе бидат известени пријавените кандидати.
5. Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.
6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 05.07.2025 година во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер" и "Коха" и на веб страната на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип и Агенцијата за вработување на РСМ објавен е Јавен оглас бр.01/2025 за вработување на определено време до 31.12.2025 година на 7 (седум) извршители во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип.

Комисијата за селекција во постапката за вработување на определено време до 31.12.2025 година на 7 (седум) извршители во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип, по пат на јавен оглас бр.01/2025, формирана од Директорот со решение бр.02-396/12 од 04.07.2025 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-396/31 од 14.07.2025 година и спроведе интервју со уредно пријавените кандидати, за кое состави записник бр.04-396/39 од 15.07.2025 година.

Комисијата состави ранг листа и предлог за избор на кандидат по Јавниот оглас бр.01/2025, за работното место под реден број 1 Технички директор, со шифра КДР 0305 А01 039.

Врз основа на финалните ранг листи и предлогот за избор на кандидат за работното место под реден број 1 Технички директор, по Јавниот оглас бр.01/2025, Директорот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.

Пробиштип
15.07.2025

ЈП ХС Злетовица
Директор
Злтако Стојановски

одобрил: Маја Стојчева